
ОПШТИНА
ПЕХЧЕВО
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
ПЕХЧЕВО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Со голема чест и одговорност денес ја претставувам мојата програма за идниот развој на нашата општина. Верувам дека секој од нас заслужува да живее во средина која нуди еднакви можности, подобри услови за живот и перспектива за идните генерации.

Мојата визија е да изградиме општина која ќе биде современа, функционална и пријатна за живеење – место каде што младите ќе ја гледаат својата иднина, каде стопанството ќе се развива, а културата, образованието и спортот ќе имаат вистинска поддршка.

Програмата што ја претставувам не е само список на ветувања, туку реален и остварлив план, заснован на потребите на граѓаните и на европските стандарди на локално управување.

Јас, како градоначалник заедно со општинската администрација и поддршка на Владата на Република Македонија, ќе се залагаме за транспарентна и ефикасна општинска администрација, инвестиции во инфраструктурата и модернизација на јавните услуги, поддршка на младите и нивните идеи, развој на туризмот и заштита на природните ресурси, грижа за секој граѓанин, со акцент на социјалната поддршка и подобрување на здравствените услови.

Почитувани сограѓани, јас сум убеден дека со заеднички сили можеме да ја изградиме општината што ја заслужуваме – општина која ќе биде симбол на развој, солидарност и европски вредности.

Сакам заеднички да ја претвориме визијата во реалност, да бидеме во чекор со европскиот модел на водење на локалните заедници, да бидеме општина – сервис на граѓаните и да бидеме горди граѓани на Општина Пехчево.

Однапред Ви благодарам на довербата!

Александар Китански

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Миле Гошевски – Носител на листа
2. Марјана Андоновска
3. Јордан Магдов
4. Слободанка Секуловска
5. Благојчо Јовевски
6. Тунан Едипов
7. Марија Пулковска Сотиров
8. Николчо Вуксанов
9. Гордана Вазлиска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## Реконструкција на пат од Пехчево до туристички локалитет „Равна Река“ – Пехчево

Ќе се изврши реконструкција и ревитализација на патот кој води од Пехчево кон туристичката населба „Равна Река“ – Пехчево за полесен и посигурен пристап на граѓаните и потенцијалните туристи. Со реконструкција на овој патен правец значително ќе се подобри туристичката понуда на Пехчево и ќе се овоможи полесен и побезбеден пристап на сите туристи кон овој туристички локалитет каде што има голема и убава туристичка понуда.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централната власт и меѓународни фондови

## Изградба на нова и реконструкција на постоечка станица за прочистување на питка вода во Пехчево

Изградбата на нова и реконструкцијата на постоечката станица за прочистување на питка вода, ќе придонесе за подобро снабдување на граѓаните со чиста и здрава вода за пиење, со што ќе се подобри квалитетот на живот на граѓаните и ќе се обезбеди доволна количина на вода за сите делови кои во одредени периоди од годината имаат недостаток на вода за пиење.

**Извор на финансирање:** Централна власт

## Реконструкција, рехабилитација на централното градско подрачје

Со овој проект се предвидува уредување и реконструкција на сите оштетени делови на Плоштадот Свети Петар и Павле во Пехчево, целиот простор околу него вклучувајќи го и кејот на Реката Писа.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево, централна власт и меѓународни фондови

## Реконструкција на кејот на Пехчевска река и регулација на речното корито на Пехчевска река

Реализацијата на овој проект ќе овозможи заштита од излевање на водата од критото и поплавување на земјиштето околу течението на реката. Исто така естетски ќе се уреди речното корито со доизградба на кејот во градот и ќе се канализира реката во одредени делови односно од Китански мост до Миовци и од Хотел Гогов до мостот

кај Фабриката Фагус.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Реконструкција и ревитализација на пристапен пат од регионален пат до село Црник

Со реализација на овој проект ќе се подобри пристапноста до село Црник и ќе се подобри патната инфаструктура до селото, а ќе се зголеми и безбедноста во сообраќајот до селото и од селото, кое е мултиетничко и со најголем број на жители и најголема фрекфенција на сообраќај.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Поставување на тротоари на булевар „Равен“ и на останатите улици во Пехчево кои немаат тротоарско решение

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Доизградба на локален пат до село Спиково

Со доизградба на локалниот пат до село Спиково ќе се овозможи развој на викенд населбата и полесен и поедноставен пристап на граѓаните до нивните земјоделски земјишта.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Ревитализација на патна инфраструктура во село Робово

Ревитализирање на останатата патна инфрастуктура во село Робово со поставување на бекатон плочки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Ревитализација на патна инфраструктура во село Умлена

Ревитализирање на останатата патна инфрастуктура во село Умлена со поставување на бекатон плочки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Ревитализација на патна инфраструктура во село Чифлик

Ревитализирање на останатата патна инфрастуктура во село Чифлик со поставување на бекатон плочки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Ревитализација на патна инфраструктура за село Панчарево

Во село Панчарево се предвидува ревитализација на патната инфрструктура и поставување на бекатон плочки во должина од 1500 метри на потребните улици, а реализацијата на овој проект е од големо значење за полесен пристап до селото и

подобар транспорт на луѓе и стока.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## ➤ Ревитализација на патна инфрструктура за село Црник

Во село Црник се предвидува ревитализација на патната инфрструктура и поставување на бекатон плочки во должина од 500 метри на потребните улици, а реализацијата на овој проект е од големо значење за полесен пристап до селото и подобар транспорт на луѓе и стока.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## ➤ Ревитализација на патна инфрастуктура за село Негрево

Во село Негрево се предвидува ревитализација на патната инфрструктура и поставување на бекатон плочки на потребните улици, а реализацијата на овој проект е од големо значење за полесен пристап до селото и поголем транспорт на луѓе и стока.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## ➤ Изградба на градска капела

Ќе се продолжи со започнатите активности за изградба на градска капела, ќе се реши долгогодишното барање на граѓаните од Општина Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево

## ➤ Реконструкција на локален пат село Умлена – село Робово

Ќе се продолжи во активностите за реконструкција на овој локален пат. Бидејќи постоечката патна инфрастурктура на локалниот пат село Умлена – село Робово на одредени места е оштетена, неопходна е реконструкција и ревитализација на горенаведениот патен правец за поголема безбедност во сообраќајот.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт и врски – Влада на Република Македонија

## ➤ Ревитализација на вертикална и хоризонтална сиганализација и реконструкција на регионалниот пат Пехчево – Делчево

Бидејќи постоечката патна инфрастурктура на регионалниот пат Пехчево – Делчево на одредени места е оштетена, неопходна е реконструкција и ревитализација на горенаведениот патен правец за поголема безбедност во сообраќајот. Исто така се предвидеува и ревитализација на вертикалната и хоризонталната сигнализација на регионалниот пат Пехчево – Делчево.

**Извор на финансирање:** ЈПДП

## Реконструкција и ревитализација на локални улици во градот Пехчево и поставување на соодветна вертикална и хоризонтална сигнализација

Во градот Пехчево ќе се реконструираат и ревитализираат улиците што се во многу лоша состоја. Со тоа Пехчево ќе добие современ нов урбан лик за полесна комуникација на граѓаните

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево, централна власт и меѓународни фондови.

## Реконструкција на паркинг простор во центарот на градот и негово хортикултурно уредување

Реконструкцијата на постоечкиот паркинг простор во центарот на градот каде што најголем дел е со оштетен тампон и немање на крајни завршетоци кон улиците, како и негово хортикултурно уредување.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево, централна власт и меѓународни фондови

## Доизградба на главната улица во индустриската зона Чуката

Индустриската зона Чуката е една од просперитетните точки на градот каде што има развиена индустриска зона од приватни компании и стопанственици. Поради тоа, потребно е да се подобри пристапноста до овие индустриски објекти за подобро функционирање на истите и полесен транспорт на стока. Покрај доизградбата и асфалтирањето на улицата во горенаведената индустриска зона ќе се постави вертикална и хоризонтална сигнализација како и улично осветлување на истата.

**Извор на финансирање:** Министерство за локална самоуправа преку Биро за регионален развој и Буџет на Општина Пехчево

## Поставување на урбана опрема во Општина Пехчево и во сите населени места (Чифлик, Робово, Умлена, Панчарево, Црник, Негрево)

Се предвидува поставување на урбана опрема во градот Пехчево и во горенаведените населени места се со цел да се подобри урбаниот изглед на градот и населените места.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево, централна власт и меѓународни фондови

## Уредување на градските гробишта во Пехчево и во селските населби

Со реализација на оваа активност ќе се направи промена на оградата на градските гробишта во Пехчево и оградување на гробиштата во селските населби.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево

## Уредување на муслиманските гробишта во Пехчево и село Црник

Преку оваа активност ќе се изврши подобрување на патната инфрастуктура за пристап на гробиштата и оградување на истите.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево

## Реконструкција на селските домови во селата Негрево, Умлена, Чифлик и Робово

Се предвидува реконстукција и санација на оштетените делови на горенаведените домови. Со тоа ќе се подобри културниот и социјалниот живот на населението во селата, како и зачувување на културното наследство, нивната комуникација, соработка и заедничко решавање на проблемите во селото.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево, централна власт

## Реконструкција на дом во село Панчарево

Ќе се продолжи со реализација на активностите за реконструкција на домот во село Панчарево кој што е од огромна потреба на населението, за организирање на разни манифестации.

**Извор на финансирање:** Министерство за локална самоуправа преку Биро за регионален развој

## Реконструкција на дом во село Црник

Ќе се продолжи со реализација на активностите за реконструкција на домот во село Црник, кој е од огромна потреба на населението за организирање на разни манифестации, веселби, забави, свадби и сунети.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево

## Реконструкција и рехабилитација на постоечки пат во село Умлена

Овој проект ќе обезбеди подобрување на патната инфраструктура во село Умлена и подобро функционирање на жителите од овој крај.

**Извор на финансирање:** Министерство за локална самоуправа преку Биро за регионален развој и Буџет на Општина Пехчево

### Реконструкција и рехабилитација на постоечки пат во село Робово

Овој проект ќе обезбеди подобрување на патната инфрастуктура во село Робово

**Извор на финансирање:** Министерство за локална самоуправа

### Уредување на пристапни патишта до земјоделско земјиште во сите населени места во Општина Пехчево

Преку реализација на овој проект ќе се овозможи полесен и побезбеден пристап на земјоделците до нивните земјоделски површини во сите населени места во Општина Пехчево

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

### Реконструкција на улица „Илинденска" со крак „Даме Груев" и крак „Мирче Ацев" со атмосферска канализација

Со реализација на овој проект значително ќе се подобри патната инфраструктура во градот и одводнувањето на горенаведените улици, со што ќе исполни едно од најголемите барања на граѓаните на Општина Пехчево.

**Извор на финансирање:** Министерство за транспорт и врски и Министерство за животна средина и просторно планирање

### Изградба на тротоари во село Чифлик

Со реализација на овој проект ќе се подобри безбедноста на пешаците кои гравитираат по регионалниот пат кој минува низ село Чифлик.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево, централна власт



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## Поддршка на мали и средни претпријатија

Овој проект ќе овможи организирање на обуки, семинари и работилници за претприемачи на мали и средни претпријатија со посебен акцент на обуки и поддршка за отпочнување на мали семејни бизниси. Граѓаните пред се оние кои се занимаваат со туризам ќе бидат обучени за креирање на сопствена туристичка понуда, односно производ и подобар пристап кон потребите на туристите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Изработка на нов ГУП на Пехчево

ГУП е битен стратегиски документ кој ќе даде насоки за правилниот развој на градот преку сеопфатен пакет на мерки и стандарди потребни тоа да се постигне, а исто така ќе овозможи поширока визија за правилното планирање и развивање на градот во наредниот период. Со новиот ГУП ќе се прикаже намената на градежното земјиште (приватно и државно), патната и комуналната инрастуктура.

**Извор на финансирање:** Централна власт

## Фазна изработка на нов ДУП во Пехчево

Новиот ДУП за Пехчево ќе обезбеди вклучување на сите легализирани објекти и истиот ќе се спроведува во фази во текот на наредниот четиригодишен период.

**Извор на финансирање:** Централна власт

## Изградба на нов противпожарен објект за потребите на Доброволното Противпожарно Друштво – Пехчево

Со реализирање на овој проект ДПД – Пехчево ќе добие свој, сопствен претставителен објект за администрација и гаражи за возилата како и простор за смесување на опремата со која располагаат и ја користат во случај на гасење на пожари.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Доделување на стипендии за ученици и студенти од социјално загрозни семејства

Општина Пехчево ќе додели стипендии за добри ученици од социјално ранливи категории на граѓани, како помош на нивните семејства за послесно студирање на студентите и учење на учениците

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево

## Поддршка за инклузија на деца со посебни образовни потрени (асистенти и специјализирана потреба )

Преку овој проект ќе се обезбеди ассистент за секое дете со посебни потреби и ќе се направат сензорни соби во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево со специјализирана опрема за потребите на горенаведените деца.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и централна власт

## Континуирана обука на наставници за современи методи и дигитални вештини

Пружање на помош преку консалтинг агенции за подобрување на вештините на наставниците за изработка на проекти со кои ќе се учествува на повици од разни фондации кои поддржуваат проекти од областа на образованието

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и централна власт

## Едукативни работилници за еколошка свест и здрав живот

Оваа активност ќе се реализира во соработка со Едукативниот центар за зачувување на природата во село Негрево и ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, каде се спроведуваат голем број на едукативни предавања, активности и работилници во насока на зачувување на природата.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## Е- седница на Советот на Општина Пехчево

Ќе воведеме електронски седници на Советот, со целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има електронски пристап до материјалите, дневниот ред, записниците и можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана. Паралелно со тоа, ќе воспоставиме електронски Службен гласник на општината, како официјално дигитално место за објавување на сите донесени одлуки, акти, правилници и јавни информации.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Електорнски услуги за граѓаните

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење на јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Систем за електронско прибирање даноци

Во насока на поголема ефикасност, транспарентност и приближување до секој граѓанин, ќе развиеме систем за автоматизирано генерирање на решенија за данок на имот кои електронски ќе можат да се плаќаат преку Националниот портал за услуги и веб страниците на општините. На овој начин ќе постигнеме праведно оданочување, намалување на сивата економија и зголемени приходи на општината за самостојно финансирање на проекти.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

## Е – систем за управување со предмети

Во соработка со Владата, ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Оваа унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка овозможува целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на општината. Сите документи кои ќе се создаваат, примаат или испраќаат во институциите ќе се заведуваат, евидентираат, обработуваат и архивираат во електронска форма. Заради транспарентност и отчетност пред граѓаните, системот ќе овозможи следење на секоја фаза од работењето по одреден предмет – од неговото создавање, преку внатрешна циркулација и обработка, до неговото архивирање или уништување согласно законската регулатива. Системот е наменет да ги замени традиционалните хартиени процедури и архива со електронски потпис и печат, како и дигитална архива. Тоа ќе ја зголеми ефикасноста во комуникацијата помеѓу институциите, времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или губење на документи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт

## Е – систем за планирање на ресурси

Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на општината, точни и навремени податоци за работата на општината и оптимизација на трошењето на средствата.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт

## Дигитална инфраструктура

Поставување на мрежа со бесплатно достапен Wifi пристап на јавните локации низ Општината. На тој начин ќе се овозможи поедноставен и брз пристап до информации, дигитализација, брза и квалитетна услуга за граѓаните, ќе придонесе за поефикасно функционирање на институциите и граѓанскиот сектор.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Уредување и опремување на детски и спортски игралишта

Се предвидува реконструкција на постоечките детски и мултинаменски игралишта и изградба на нови како во градот Пехчево така и во населените места: Чифлик, Робово, Умлена, Панчарево и Црник. Исто така се предвидува и реконструкција на постоечките спортски игралишта во горенаведените места во Општина Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и центална власт

## Реконструкција на спортската сала „Јане Сандански“ – Пехчево

Со реконструкција на горенаведената спортска сала се предвидува реконструирање на подот, трибинскиот простор, соблекувалните, санитарни чворови, кров, поставување на енергетско ефикасна фасада и промена на котелот за греење. Со тоа ќе се добие еден нов и современ изглед на спортската сала кој ја користат сите генерации од Пехчево и околните населени места и други спортиски клубови кои доаѓаат во Пехчево на припреми, за сите видови на спортови: фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, карате, пинг понг.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и центална власт

## Реконструкција и хортикултурно уредување на паркингот и просторот околу Спортската сала „Јане Сандански“ – Пехчево

Поради руинираноста на паркингот кај Спортската сала „Јане Сандански“ – Пехчево се предвидува негова реконструкција како и хортикултурно уредување на просторот околу истата и поставување на ново осветлување.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и центална власт

## Изградба на кошаркарско игралиште на отворено

Со изградба на кошаркарско игралиште на отворено ќе се реализираат барањата на дел од граѓаните кои спортуваат и рекреативно играат кошарка.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и центална власт

## Поддршка на локални спортски клубови

Општина Пехчево е општина која се залага за поддршка и промоција на спортот и спортските клубови, се со цел да овозможи што поголему вклучување на децата и младите во спортските активности.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## ➤ Реконструкција на постоечка селска водоводна мрежа и постоечка каптажа (зафат за вода) од влез на резервоар до постоечка каптажа во село Црник, Општина Пехчево

Со реализација на овој проект во село Црник ќе се реши долгогодишниот проблем на населението од селото, за добивање на чиста вода за пиење.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт и меѓународни фондови

## ➤ Уредување на селски водовод во село Панчарево

Со доуредување на селскиот водовод во село Панчарево, на населението од ова населено место ќе му биде решен проблемот со водоснабдувањето и граѓаните од селото ќе пијат чиста и здрава вода.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт и меѓународни фондови

## ➤ Изградба на канализациона мрежа во село Панчарево

Се предвидува изградба на канализација во секое маало поединечно затоа што селото е од разбиен тип. Изградбата на канализациона мрежа во ова село ќе го реши долгогодипниот проблем со одведување на отпадните води кои до сега правеа проблеми на населението кое живее во селото.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и центална власт

## ➤ Изградба на мрежа за атмосферска канализација во Пехчево

Преку реализациј на овој проект ќе се овозможи канализирање на атмосферските води и нивно насочување надвор од градот, со вклучување во Пехчевска река, а со тоа ќе се постигне трајно решавање на проблемите кои го предизивикуваат атмосферските води.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни фондови

## Изградба на водоводен цевковод во туристичката населба Равна Река – Пехчево

Преку реализација на овој проект ќе се подобри водоснабдувањето на сите викенд куќи кои се наоѓаат во туристичката населба Равна река – Пехчево, а со тоа ќе се привлечат поголем број на туристи и инвеститори кои ќе инвестираат во изградба на викенд куќи и угостителски објекти.

**Извор на финансирање:** Централна власт

## Отстранување на локални диви депонии и нивно регулирање

Отстранувањето на локалните диви депонии и нивното регулирање ќе придонесе за подобра, чиста и здрава животна средина на населението во градот Пехчево и околните населени места.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт и меѓународни фондови

## Уредување и расчистување со канализирање на речното корито , со поставување на урбана опрема и осветлување во село Црник

Со реализација на овој проект ќе се постигне поголема заштита на животната средина и речното корито ќе биде чисто и канализирано, со што селото ќе добие нов урбан лик, преку поставувањето на урбаната опрема и осветлувањето во истото.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт и меѓународни фондови

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

## Уредување на постоечките и изградба на нови велосипедски патеки за планински велосипедизам во Општина Пехчево

Постоечките патеки за планински велосипедизам во Општина Пехчево се од 1000 метри надморска височина до 1700 метри надморска височина. Истите се во лоша состојба, па затоа е потребна нивна ревитализација и уредување, како и изградба на нови велосипедски патеки, за поголема и побогата туристичка понуда.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централната власт и меѓународни фондови

## Изградба на градски парк во Пехчево, во две фази (авантуристички парк и фитнес центар на отворено)

Со релизација на овој проект ќе се збогати туристичката понуда во Пехчево како за туристите така и за самите граѓани од Пехчево. Се предвидува поставување на урбана опрема ( клупи, канти, канделабри ), фитнес справи на отоворено, стази за трчање и рекреација, детски реквизити.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централната власт и меѓународни фондови

## Воведување на општинско – туристичко биро

Со воведување на општинско – туристичко биро ќе се обезбеди навремена промоција и информации за развој на одржливиот туризам ин планирање на истиот, поголем развој на туризмот и подобра промоција на туристичката понуда.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централната власт и меѓународни фондови

## Категоризација на приватните сместувачки капацитети

Овој проект опфаќа активности за едукација и промоција за категоризација на приватните сместувачи капацитети и поддршка во делот на подобрување на услугите од страна на давателите на услигите во приватното сместување на територијата на Општина Пехчево. Освен категоризација ќе се реализира и едукација на граѓаните во некои сегменти од приватното сместување во насока на подобрување на обезбедувањето на угостителските услуги.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централната власт и меѓународни фондови

## Изработка на промотивен материјал за промоција на туристичките потенцијали на Пехчево

Промоцијата на Пехчево како туристичка дестинација ќе ја обезбедиме преку изработка на промотивен материјал (информативни брошури и флаери) на кои ќе бидат промовирани сите туристички локалитети во Пехчево и околните населени места како и на туристички веб – портали.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## Уредување на Спиковските водопади

Преку реализација на овој проект ќе се зголеми туристичката понуда во Туристичката населба Равна Река – Пехчево, со што Спиковскиот водопад ќе биде едно надополнување на веќе уредените Црнодолски водопади. Ќе се направат патеки за шетање, мостови, летниковци, ќе се постават канти за отпадоци, клупи и маси, како и осветлување. На тој начин ќе се привлечат поголем број на туристи и посетители.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт и меѓународни фондови

## Реконструкција и пренамена на постоечки објект во центар за посетители – туристичко информативен центар во Пехчево

Со реконструкција и пренамена на постоечкиот објект во туристичко информативен центар ќе се овозможи подобро запознавање на туристите со туристичката понуда на Пехчево и туристичките локалитети, а воедно ќе се добие репрезентативен објект во центарот на Пехчево во кој ќе има опремени канцеларии и мултинаменска сала.

**Извор на финансирање:** Министерство за култура

# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

## Фестивал на дувачки оркестри Пехчево

Фестивалот на дувачки оркестри традиционално се одржува веќе 15 години каде што се промовираат дувачките оркестри од Македонија и соседните држави.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централната власт и спонзори

## Етно саем Пехчевски Павловден

Овој настан се организира во насока на промоција на традиционална храна, ракотворби и рачни изработки, како од нашиот крај така и пошироко, преку изложување на истите.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централната власт и спонзори

## Одбележување на ослободувањето на градот Пехчево „7 Септември“

Организирање на свечена седница по повод ослободувањето на градот Пехчево, културни настани спортски активности во чест на празникот на градот.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## Спикијада

Традиционална манифестација која ја организира населението од село Спиково со поддршка на Општина Пехчево, каде се промовира традицијата и традиционалните вредности на Спиковци

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

### Еднократна парична помош за новороденчиња и прворodeno дете на територијата на Општина Пехчево

Поддршка на наталитетот и превенирање од миграција/емиграција од Општината со давање на еднократна парична помош за секое новородено дете и првороденото дете на територијата на Општина Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### Еднократна парична помош за секое запишано прваче во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### Финансиска поддршка на учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево кои добиел прва, втора и трета награда на државни натпревари во основното образование

Преку оваа активност се мотивираат учениците за што поголемо учество на државните натпревари

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

### Отварање на канцеларија на Црвен крст на Македонија во Општина Пехчево и нејзина афирмација

Преку отварањето на оваа канцеларија ќе се подигне свеста кај населението за донација и хуманост на граѓаните, за да им се помогне на ранливите категории граѓани и пружање помош во одредени ситуации.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и централна власт

### Финансиска поддршка на деца Роми во јавните образовни установи – детска градинка во Општина Пехчево

Преку оваа активност опфатени се деца Роми кои ќе продолжат да се интегрираат во предучилишното образование.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и централна власт

## Подигање на свеста за имунизација кај новородените деца

Преку оваа активност се зголемува свеста кај населението за имунизација на новороденчињата.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

## Подобрување на квалитетот на здравствените услуги

Ќе биде извршена набавка на возило за итната медицинска помош како и набавка на нова современа и модернизирана опрема за специјалистичките служби во ЈЗУ Здравствен дом Д-р Иван Георгиев - Пехчево

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт и меѓународни фондови

## Реконструкција на постоечките рампи за инвалидизирани лица

Преку реконструкција на постоечките рампи за инвалидизирани лица ќе се овозможи полесен пристап на инвалидизираните лица во Здравниот дом „Д-р Иван Георгиев" – Пехчево.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината, централна власт

## Реконструкција на ЈЗУ Здравствен дом Д-р Иван Георгиев – Пехчево

Овој проект опфаќа енергетско ефикасна фасада и промена на прозорци и врати во здравниот дом во Пехчево, со што значително ќе се намалат трошоците за загревање во зимскиот период.

**Извор на финансирање:** Министерство за финансии преку проект на Светска Банка

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

## Завршување на почетна фаза од патниот правец кон Бугарија преку граничнот премин Ајдучки Кладенец во наредна фаза

Со завршување на започнатата фаза од патниот правец кон Бугарија преку граничниот премин Ајдучки Кладенец во наредна фаза, ќе се дооформи целата траса кон Република Бугарија и нејзино одбележување како и отпочнување со следната фаза на до изградба на овој патен правец.

**Извор на финансирање:** Централна власт и меѓународни фондови

## Мапирање на извори на бучава, создавање на мерки за намалување на бучавата, инспекциски надзор и создавање мирна животна средина

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево

## Одржување на постоечките и изградба на нови канали од атмосферските води во селата во Општина Пехчево

Проектот предвидува одржување на каналите од атмосферските води во селата во Општина Пехчево и изградба на нови онаму каде што е потребно, се со цел да се намали ризикот од штети од атмосферските води.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и централна власт

## Реконструкција на објектот на старата караула

Објектот на старата Караула се наоѓа на само неколку километри од Туристичката населба „Равна Река" – Пехчево. Просторот околу овој објект е прекрасна планинска природа, а сето тоа придонесува за привлекување на голем број туристи кои ќе го посетат градот. Воедно овој предел е посетен од страна на голем број на планинари и планинарски друштва и објектот би претставувал место за одмор и рекреација на сите планинари и туристи.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Пехчево и централна власт и меѓународни фондови

ВМРО-ДПМНЕ